# „За секој зглоб од телото на човекот следува садака

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „За секој зглоб од телото на човекот следува садака, со секој нов ден што го носи изгревот на Сонцето. Да се пресуди правично меѓу двајца е садака. Да му помогнеш на човекот со неговото животно – да го качиш на него или да му го подигнеш товарот – исто така е садака. Добриот збор е садака. Секој чекор што го правиш на патот кон намазот е садака. И да отстраниш пречка од патот е садака.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснил дека секој полнолетен муслиман, кој е обврзан да ги извршува верските прописи, секој ден треба да даде садака за секој зглоб од своите коски, како знак на благодарност кон Аллах за здравјето и способноста што му ги дал, овозможувајќи му да ги користи зглобовите за разни функции, како фаќање, пружање, и сл. Оваа садака се исполнува преку разни добри дела и не е ограничена само на давање материјална садака. Некои од таквите дела се: Да посредуваш и да помириш двајца што се во расправија е садака. Да му помогнеш на човекот со неговото животно, да го качиш на него или да му го подигнеш товарот е садака. Убавиот збор, како што е зикрот, довата, поздравувањето со селам и слично е садака. Секој чекор што го правиш на патот кон намазот е садака. Отстранување на сè што им пречи на луѓето од патот е садака.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4568